# СЛУЖБ[ЕН ЛИСТ]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРА[ТИВНА] РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 11 декември 1969

БЕЛГРАД

БРОЈ 53 ГОД. XXV

Цена на овој број е 7,00 динари. — Претплата за 1969 година изнесува 60 — дин — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Поштенски фах 226 — Телефони: централа 50-931 50-932, 50-933 и 50 934: Служба за претплата 51-732. Продавна служба 51-671.


**627.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 17 став 3 од Основниот закон за статистиката, Сојузната скупштина, на предлог од Сојузниот извршен совет, на седницата на Соборот на народите од 27 ноември 1969 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 12 ноември 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 1970 ГОДИНА

1. Се донесува План на статистичките истражувања кој содржи статистички истражувања од интерес за целата земја и статистички истражувања од интерес за федерацијата, што ќе се вршат во текот на 1970 година.

2. Финансирањето на статистичките истражувања од точката 1 на оваа одлука ќе се врши според Планот на статистичките истражувања за 1970 година.

3. Планот на статистичките истражувања за 1970 година е составен дел од оваа одлука и се објавува во „Службен лист на СФРЈ", бр. 53/69.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 84
27 ноември 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**628.**

Врз основа на членот 4 став 2 и членот 41 ст. 1 и 2, во врска со членот 37 став 2 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), во согласност со Сојузниот совет за здравство и социјална политика, сојузниот секретар за стопанство пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА КАФЕТО И СУРОГАТИТЕ НА КАФЕ, ЧАЈОТ, ЗАЧИНИТЕ, КОНЦЕНТРАТИТЕ ЗА СУПА, ПЕКАРСКИОТ КВАСЕЦ, ПРАШОКОТ ЗА ПЕЧИВО, ПРАШОКОТ ЗА ПУДИНГ, ДИЕТЕТСКИТЕ ПРОИЗВОДИ И АДИТИВИТЕ

Член 1

Во Правилникот за квалитетот на кафето и сурогатите на кафе, чајот, зачините, концентратите за супа, пекарскиот квасец, прашокот за печиво, прашокот за пудинг, диететските производи и адитивите („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/63, 2/64, 25/65, 50/66, 10/67, 54/67 и 15/68) во членот 101 се додава нов став 2, кој гласи:

„Забрането е при производство на диететски и други прехранбени производи да се додава во такви производи адитив кој содржи цикламати (калциум цикламат, натријум, цикламат и др.) или 4-Ethoxyphenylurea (Dulcin, Sucrol, Valzin)."

Член 2

По членот 120 се додава нов член 120а, кој гласи:

„Забрането е да се произведуваат, увезуваат и пуштаат за човечка исхрана вештачки средства за засладување што содржат цикламати или 4-Ethoxyphenylurea."

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 13890/1
20 ноември 1969 година
Белград

Заменик
сојузен секретар за стопанство,
**Владо Јуричиќ**, с. р.

**629.**

Врз основа на членот 45 став 7 од Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 29/65, 33/65, 57/65, 52/66, 31/67, 54/67, 26/68, 30/68, 40/68, 48/68 и 11/69) и членот 15 став 2 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65, 57/65, 4/66, 28/66, 52/66, 5/67, 18/67, 31/67, 24/68, 30/68, 45/68, 55/68 и 50/69), во спогодба со сојузниот секретар за стопанство, сојузниот секретар за финансии пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОМЕТОТ И ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Правилникот за водење евиденција за прометот и за начинот на пресметување и плаќање на данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/68, 6/69, 15/69 и 21/69) во членот 4 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За промет на производи за кои со Тарифата на сојузниот данок на промет е пропишано дека како даночен обврзник се смета производител или продавач на големо кога производите им ги продава на продавачи на мало или им ги продава на крајните потрошувачи, како даночен обврзник се сметаат сите трговски организации што вршат промет на стоки на големо, како и трговските организации што имаат сопствена малопродавна мрежа преку која

им ги продаваат производите непосредно на потрошувачите. Таквите трговски организации ги набавуваат производите од овој став непосредно од производителите односно од продавачот на големо без плаќање сојузен данок на промет на стоки на мало, но како даночни обврзници се должни тој данок да го пресметаат и уплатат било кога производите преку својата малопродавна мрежа им ги продаваат непосредно на потрошувачите било кога производите им ги продаваат на други продавачи на мало".

Член 2

Во членот 9 став 2 текстот на објаснението на ознаката „Fm" се менува и гласи:

„Fm" — вкупен промет на сите продавници (за готово и по фактури) од 1 јануари до крајот на пресметковниот период (месечен односно тримесечен) кој ја содржи и реализацијата и данокот на промет, наголемен за износот на пренесените ненаплатени побарувања од екстерни купувачи на продавниците од претходната година."

Член 3

Во членот 10 став 2 во текстот на објаснението на ознаката „Fv" на крајот точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нова реченица, која гласи: „Како реализација по фактури издадени од 1 јануари до крајот на последниот пресметковен период (месечен, тримесечен, годишен) се подразбира и реализацијата што го содржи и данокот на промет;".

Член 4

Во членот 28 ставот 2 се менува и гласи:

„Тримесечна односно месечна пресметка на аконтацијата се врши со примена на коефициентот на наплатената реализација утврден на начинот определен во членот 10 од овој правилник, врз збирот од износот на данокот на надоместоци за услуги содржан во пренесените ненаплатени побарувања од купувачите по фактурите од претходната година и од износот на данокот пресметан по фактурите издадени од 1 јануари до крајот на периодот за кој се пресметува аконтацијата."

Член 5

Во членот 32 ставот 1 се менува и гласи:

„Конечно пресметување на данокот на промет се врши врз основа на податоците за извршениот промет и за остварените надоместоци за услуги, согласно одредбите од Основниот закон за данокот на промет, од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, и од овој правилник, како и одредбите на републичките и општинските прописи донесени врз основа на тие сојузни прописи."

Во ставот 3 точка 3 одредбата под б) во првата алинеја, по зборот: „утврдена" зборовите: „со пописот" се бришат, а по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„— кусоците утврдени со попис не можат да се одбиваат од даночната основица, без оглед дали ја товарат работната организација како даночен обврзник или го товарат одговорното лице;".

По ставот 7 се додаваат дванаесет нови ставови, кои гласат:

„Конечното пресметување на данокот на промет се врши на образецот ДП — Конечна пресметка на данокот на промет, наведен во членот 30 став 1 од овој правилник.

Составувањето на пресметката и искажувањето на податоците се врши по елементите назначени во образецот ДП односно по тарифните броеви, видовите производи — стоки и услуги распоредени по уплатните сметки. и тоа посебно за производите — стоките и услугите на кои се пресметува и плаќа сојузен данок на промет, а посебно за производите — стоките и услугите на кои се пресметува и се плаќа републички и општински данок на промет.

При искажувањето на податоците по републиките (редни броеви 105 до 112), согласно одредбите на членот 57 од Основниот закон за данокот на промет, посебно се внесуваат податоци за секоја република, со тоа што за Социјалистичка Република Србија се искажуваат посебно податоци за територијата на потесна Србија, а посебно податоци за социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово.

Во колоната 5 на образецот ДП се внесуваат податоци за утврдената даночна основица за производите — стоките за кои даночната основица ја сочинува единица на мера (килограм, литар, хектолитарски степен, определено пакување и сл.).

Во колоната 6 се внесуваат податоци за износот на продавната цена на производите — стоките и за износот на надоместокот остварен за извршените услуги, без данокот на промет.

Во колоната 7 се внесува износот на данокот на промет, а во колоната 8 износот на данокот на промет уплатен до 31 декември.

Во колоните 9 и 10 се искажуваат разликите (повеќе или помалку) помеѓу пресметаните и уплатените износи на данокот на промет по уплатните сметки.

Податоците за прометот на стоките и услугите на кои се пресметува и се плаќа републички и општински данок на промет, согласно прописите на односната република и општина, се искажуваат посебно, и тоа под редните броеви 115 до 131 податоци за републичкиот данок на промет и под редните броеви 132 до 170 податоци за општинскиот данок на промет.

Под редните броеви 113, 130 и 169 се искажува прометот на производите и услугите на кои не се пресметува и не се плаќа данок на промет (продажба на репродукционен материјал и опрема под условите од чл. 9, 10 и 11 на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, производите и услугите ослободени од плаќање данок на промет, продажба на други работни организации што вршат понатамошен промет на производи и др.).

Под редниот број 171 се искажува износот на данокот на промет на стоки кој не влегува во вкупниот приход (износ на данокот според тарифните броеви 1 до 16в и други износи, како на пример: од продажба на основни средства, потрошени сопствени производи за понатамошна преработка, кусок на производи и отпис кој го надминува дозволениот износ на кало, растур, квар и лом и сл.).

Во делот II. Републички данок на промет и во делот III. Општински данок на промет, под неозначените редни броеви се искажуваат податоци од потсметките, ако републиките и општините, заради следење на одделни уплати на републичкиот и општинскиот данок на промет на стоки и услуги, определиле определени уплати да се вршат на потсметки во рамките на пропишаните основни сметки за уплата на републичкиот и општинскиот данок на промет.

Сите податоци во колоните 5 до 10 се искажуваат во апсолутни износи."

Ставот 8 се брише.

Досегашниот став 9 станува став 10.

Член 6

Во членот 33 ставот 1 се менува и гласи:

„Заради утврдување на конечната обврска за данокот на промет, даночниот обврзник е должен во текот на декември да изврши попис на производите — стоките подложни на пресметување и плаќање данок на промет. За да ја утврди конечната обврска на данокот на промет содржан во реализацијата на стоките остварена од денот на пописот до 31 декември, даночниот обврзник кој поради својата организација и начинот на работењето не е во можност да ја следи наплатата на секој вид продадени производи на кои се применуваат еднакви даночни стопи од ист тарифен број, ќе изврши сведување на залихите утврдени со пописот по структурата на производите распоредени по тарифните броеви и пропишаните даночни стопи."

Член 7

Во членот 34 по ставот 2 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Трговските организации и производителските организации можат од своето складиште или од друга деловна единица што не врши промет на стоки на мало да земаат производи за сопствени потреби (употреба или потрошувачка), без пресметување и плаќање општински и републички данок на промет на стоки на мало (член 23 точка 13 од Основниот закон за данокот на промет).

Не подлежи на данок на промет во смисла на членот 16 од Основниот закон за данокот на промет, давање производи без надоместок на Југословенскиот црвен крст кој тие производи ќе ги употреби за целите заради кои е основан (на пр. давање во вид на помош на пострадани од земјотрес или од други природни непогоди и сл.).

Изнаемање копии од филмови на претпријатија заради прикажување (лиценци), заедно со определен број фотоси за рекламирање на филмот, кои по истекот на определено време мораат да му се вратат на изнаемачот или да се уништат, не се смета, во смисла на Основниот закон за данокот на промет, како промет на стоки што подлежат на данок на промет. На надоместоците од изнаемање такви копии на филмови и фотоси, не се пресметува и не се плаќа данок на промет на стоки на мало.“

Член 8

Во членот 39 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Трговската организација на мало е даночен обврзник за пржено и мелено кафе и за екстракт од кафе што ќе го добие со преработка односно доработка на сурово кафе, и тоа за разликата помеѓу данокот пресметан на пржено и мелено кафе односно на екстракт од кафе и данокот содржан во набавната цена на сурово кафе.“

Досегашните ст. 4 до 7 стануваат ст. 5 до 8.

По досегашниот став 8, кој станува став 9, се додава нов став 10, кој гласи:

„Како прехранбен производ од членот 8 точка 1 на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет се смета и скробот наменет за исхрана, кој како таков се пакува и се пушта во промет според важечките прописи за производството, квалитетот и прометот на тие производи.“.

Член 9

Во членот 40 ставот 1 се менува и гласи:

„Како книги, во смисла на членот 8 точка 2 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, се подразбираат книге од областа на науката, белетристиката, уметноста и културата, како и школските, стручните и други книги вклучувајќи ги и статистичките и други слични публикации. Како производи, во смисла на членот 8 точка 2 од тој закон, се подразбираат и возни редови, ценовници — тарифи — на сопствени производи и услуги, и други печатени интерни општи акти на сообраќајни и други организации кои се користат во тие организации исклучително за сопствени потреби.“

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Меѓутоа, како производи од членот 8 точка 2 на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет не се сметаат календари, телефонски именици, возни редови, разни проспекти, ценовници, каталози — освен изречно ослободените, гарантни листови и други слични производи што не се користат исклучително за сопствени потреби на работните организации.“

Досегашните ст. 2 до 4 стануваат ст. 3 до 5.

Член 10

Во членот 42 ставот 2 се менува и гласи:

„Како трајно жаречки печки од членот 8 точка 14 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, се подразбираат такви печки за ложење на јаглен и на брикети од јаглен што се изработени за комбинирано согорување на додатно гориво и дополнително согорување на швелувани гасови. Овие печки имаат голем простор за гориво со широка решетка за согорување во текот на подолг временски период, при што е овозможено двојно согорување со доведување додатен воздух во зоната на несогорените гасови. Другите печки конструирани за класично согорување на јаглен (калеви печки, печки обложени со шамот итн.) спаѓаат во производите од тар. број 1 на Тарифата.“

Член 11

Во членот 49 став 1 по зборовите: „здравствени установи“ се додаваат зборовите: „во кои се врши преглед и лекување на пациенти“.

Ставот 5 се брише.

Член 12

Во членот 50 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Пластични, картонски и други слични чаши и посатки во кои продавачот испорачува определен производ на крајниот потрошувач заради конзумирање (на пр. чаши во кои продавачот точи овошен сок, пиво и др.), а кои по употребата се фрлаат, се сметаат како амбалажа на која не се плаќа данок на промет.“

Член 13

Во членот 53 став 1 на крајот се додава нова реченица, која гласи:

„Како работа дома кај работник односно граѓанин — работа на „сиц“ — се подразбира работа што работникот односно граѓанинот ја врши во својот стан со рачен алат и без употреба на моторна сила, сам или заедно со членовите на своето потесно семејство, изработувајќи при тоа производи по порачка и за сметка на работна организација од членот 9 став 2 на тој закон.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Како производен погон или производна работна единица од ставот 2 на овој член се подразбира и таков погон односно единица на градежна занаетчиска задруга што градежните и градежно-занаетчиските работи ги врши и преку самостојни занаетчии кои се членови на таква задруга. Задругата може репродукциониот материјал за вршење на тие работи да го набавува под условите од чл. 9 и 10 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет и членот 62 ст. 3 и 4 од овој правилник без плаќање данок на промет и истиот да им го дава (но не и да го продава или на друг начин отуѓува) на самостојните занаетчии — свои членови преку кои ги врши тие работи.“

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 14

Во членот 62 став 1 по зборовите: „индивидуалниот занаетчија — производител“ се додава зборот: „писмено“, а на крајот се додава нова реченица, која гласи:

„Писмениот договор, во смисла на овој став, треба да содржи и одредби за начинот на извршувањето на производството, за нормативите на материјалот и работната сила, како и одредби за начинот и времето на меѓусебното пресметување и плаќање и др.“.

Член 15

Во членот 67 став 3 во втората реченица по зборовите: „резервни делови“ се додаваат зборовите: „и материјал неопходен за вградување на тие делови (винтови, електроди, оксиген и др.)“.

Член 16

Во членот 68 став 4 на крајот се додава нова реченица, која гласи: „Во материјалот за одржување на опремата од овој став, спаѓа и солта за посипување патишта, како и бројот со кој на патиштата се обележува насоката на движењето, минувалиштата и др.“

Ставот 7 се менува и гласи:

„Образовно-воспитните установи од шифрата 911-00 и шифрата 913-00 на Номенклатурата за рас-

поредување на стопанските и други организации и државните органи според дејностите, која е составен дел на Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 10/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 26/64, 50/64, 11/65 и 13/65) можат, под условите од чл. 10 и 11 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, да набавуваат без данок на промет телевизори и друга опрема која со републички прописи е определена да спаѓа во наставни средства а која таквите установи ја водат во својата книговодствена евиденција на основните средства. Ако за некој вид образовно-воспитни установи не се донесени републички прописи, како опрема која како наставно средство е изземена од данокот на промет се смета покрај телевизорите и училишниот мебел од групата 75 на Номенклатурата на основните средства, како и опремата од другите групи на таа номенклатура освен од групите 76, 77 и 79 и освен патничките автомобили, мотоцикли, скутери, мопеди, велосипеди и трицикли.“

Член 17

Членот 70 се менува и гласи:

„Како средства за лична заштита при работата и како лична заштитна опрема, што се ослободени од данок според членот 11 став 3 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, се подразбираат средства што, во смисла на чл. 35 до 40 од Основниот закон за заштитата при работата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65 и 28/66), имаат за цел да го штитат животот и здравјето на работниците при работата односно да го попречат оштетувањето на организмот на работниците од штетни влијанија од хемиско, механичко, топлотно, биолошко или друго потекло а кои како такви со општиот акт на работната организација се определени во смисла на Основниот закон за заштитата при работата и Правилникот за средствата за лична заштита при работата и за личната заштитна опрема („Службен лист на СФРЈ“, бр. 35/69).

Член 18

Членот 71 се менува и гласи:

„Како медицинински уреди и инструменти, што се ослободени од данок според членот 11 став 3 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, се подразбираат: медицински уреди за операциони сали и за забни амбуланти; рендген-уреди (вклучувајќи ги и рендген-филмовите); други медицински и електромедицински уреди, апарати и инструменти (вклучувајќи ги и рачните), како и системи за трансфузија и инфузија.“

Член 19

По членот 77 се додава нов член 77а, кој гласи:

„Според точката 4 на забелешката кон тар. број 5 од Тарифата на сојузниот данок на промет, странските цигари можат да се пуштаат во промет заради понатамошна продажба односно потрошувачка само ако на секое пакување од 20 цигари (односно помало или поголемо) е означена полната фирма на увозникот.

Ако на пакувањето не е однапред втисната фирмата на увозникот, увозникот може да продаде странски цигари на трговски, угостителски и други работни организации овластени за продажба на големо или на мало на тутун и тутунови преработки само ако кон фактурата за продажбата на цигарите им достави и потребен број налепници на кои е отпечатена фирмата на увозникот и ако купувачот прими обврска дека на секое пакување од 20 цигари ќе ги налепи примените налепници.

Се смета дека странските цигари се пуштени во промет заради понатамошна продажба односно потрошувачка, ако се наоѓаат во продавница или на некое друго место (станбена просторија и сл.) од кое можат да се продаваат непосредно на потрошувачите односно купувачите. На количините странски цигари затечени во тие простории без ознака на полната фирма на увозникот, надлежниот орган на контролата ќе засмета редовен данок на промет со примена на пропишаната стопа и против имателот на тие цигари ќе поднесе пријава до надлежниот орган.

Складиште односно друга работна просторија на работната организација — купувач на цигарите, во која се сместени странските цигари заради препакување односно подготвување за продажба, не се смета како место предвидено за непосредна продажба на потрошувачите.

Член 20

Во членот 78 ставот 3 се менува и гласи:

„Специјалните моторни возила наведени под децималната ознака 4 на југословенскиот стандард JUS M.N0.010 вклучувајќи ги и возилата произведени или увезени како амбулантни возила за превоз на лежечки болни, амбулантните возила за превоз на медицинскиот персонал и подвижни болни, возилата за ПТТ, возилата за лесни сервиси и возилата за потребите на милицијата, како и теренските автомобили, не спаѓаат во производите од тар. број 6 туку спаѓаат во производите од тар. број 1 на Тарифата на сојузниот данок за промет, па под пропишаните услови можат да се набавуваат како опрема без плаќање на данокот на промет.

Во ставот 4 на крајот се додава нова реченица, која гласи: „На патничките автомобили од овој став, што се наведени под децималните ознаки 1—5 и 2 на југословенскиот стандард JUS M.N0.010, данок се плаќа по тар. број 6, а на другите моторни возила данок се плаќа по тар. број 1 од Тарифата на сојузниот данок на промет.

Член 21

По членот 80 се додава нов член 80а, кој гласи:

„Како козметички препарати од тар. број 9 на Тарифата на сојузниот данок на промет се подразбираат козметички и слични производи за нега на телото, кожата, косата, устата, забите и др., како што се: пудри за лице, разни кремови, шампони, бои за коса и сл.; лосиони, кремови за бричење и сл. Меѓутоа, на сапуните, вклучувајќи го и сапунот во течна состојба, на сапуните во туби за бричење и сл., како и на прашокот и пастите за заби, данок се плаќа по тар. број 1 од Тарифата.“

Член 22

По членот 83 се додава нов член 83а, кој гласи:

„Како земјоделски машини и орудија на кои не се плаќа сојузен данок на промет на стоки на мало, во смисла на членот 8 точка 17 од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, се подразбираат земјоделските орудија, справите и машините со јачина до 35 KC од следните групи на Номенклатурата на основните средства:

| | |
|---|---|
| 421-1 | Трактори на колца и со приколка до 3 t носивост |
| 421-2 | Полугасеници за трактори |
| 421-3 | Трактори гасеничари |
| 421-4 | Натоварувачи на предниот и задниот дел на трактор |
| 422-1 | Плугови |
| 422-2 | Брани, чинијаши, ротациони ситнилици и преден и заден рамнувач |
| 422-3 | Железни валци |
| 422-4 | Копачки тракторски |
| 422-5 | Култиватори |
| 422-6 | Расадувачи |
| 423-1 | Расфрлачи на ѓубриња |
| 423-2 | Сејалки |
| 423-3 | Садилки на компир |
| 424-1 | Косачки |
| 424-2 | Самоврзачки |
| 424-3 | Комбајни |
| 424-4 | Гребла и превртувачи |
| 424-5 | Вадилици |
| 426-1 | Моторни сечки |
| 426-2 | Репери |
| 426-3 | Прекрупачи, ронилки, чеканари, ротациони секачи |

426-4 Стационарни преси за сено и слама
426-5 Млекарски машини
426-6 Гмечалки и рулачи

Како други зимјоделски машини, орудија и справи, на кои се плаќа сојузен данок на промет на стоки на мало по стопа од 12,5%, се подразбираат сите машини со јачина преку 35 KS со соодветните приклучни орудија и справи, потоа машините за вршење, чистење и сортирање од групите 425-1 до 425-9 и земјоделските машини, орудија и справи од групите 429-1 и 429-2 од Номенклатурата на основите срдства."

Член 23

Во членот 84 ставот 2 се брише.

Се додаваат три нови става, кои гласат:

„Како работи на увозот на стоки врз чија разлика во цените и други надоместоци во вид на редовни и вонредни приходи се применува определена стопа по точката 3 на тар. број 17 од Тарифата на сојузниот данок на промет, се подразбираат работите што работните организации односно нивните самостојни организации на здружен труд како увозници им ги вршат во врска со увозот и продажбата на така увезените стоки од складиште или транзитно, на други работни организации односно на големи потрошувачи.

Како продажба на увезени стоки на други работни организации, во смисла на ставот 2 од овој член, се подразбира и продажбата што на самостојни организации на здружен труд — правни лица — им е извршена со издавање фактура или друг документ со кој се утврдува екстерната реализација.

Продажбата на увезените стоки непосредно на граѓани и граѓански правни лица преку спостена мрежа на продавници, складишта и др., не се смета како надворешнотрговска работа на увоз на стоки на која се пресметува и се плаќа сојузен данок на промет по точката 3 од тар. број 17 од Тарифата на сојузниот данок на промет."

Член 24

Во членот 88 став 3 втората реченица се брише.

По ставот 5 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Прометот што трговските организации на големо и другите работни организации ќе го остварат со продажба на стоки непосредно на потрошувачите преку сопствената мрежа на продавници, не се смета како промет на стоки на големо и на разликата во цената (маржа, провизија и др.) остварена од тој промет не се засметува и не се плаќа данок на промет според тар. број 18.

Процесот на сместувањето, преработката, доработката, негата и манипулацијата на природно вино откупено од индивидуални земјоделски производители надвор од рамките на писмено договорената производствена кооперација, што во смисла на членот 22 од Основниот закон за виното („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65) го вршат трговските организации, претставува дел од трговскиот процес, па во врска со данокот на промет не се смета како производство. Трговската организација што тоа вино ќе го продаде на големо, е должна на надоместокот остварен во тој промет да пресмета и уплати данок според тар. број 18 од Тарифата. Одредбите на овој став се применуваат и врз прометот на големо на природна ракија откупена од индивидуални земјоделски производители надвор од рамките на писмено договорената производствена кооперација. Како производствена кооперација, во смисла на овој став, се подразбираат такви договорни односи со кои, покрај видот, количината и квалитетот на производите, се утврдени и мерките на производната технологија (начин на обработка, начин на применување определени агротехнички мерки и други мерки итн.) и со кои се утврдени другите права и обврски на секој содоговорач кои од таквиот однос произлегуваат.

Трговската организација на големо што до 21 ноември 1969 година била даночен обврзник на данокот на надоместоци од вршење промет на големо на цемент и производи на црната металургија и која разликата во цената на тие производи за периодот од 21 до 30 ноември не е во можност да ја утврди непосредно од податоците на своето книговодство, таа разлика во цената може да ја утврди на тој начин што прометот на овие производи остварен во ноември ќе го стави во однос спрема вкупно остварениот промет на сите производи подложни на данок според тар. број 18 во тој месец и според така добиениот однос ќе ја утврди разликата во цената која за тој месец се однесува на прометот на цемент и производи на црната металургија. Така добиената разлика во цената треба да се подели на три декади со тоа што со износот кој отпаѓа на третата декада се намалува пресметаната разлика во цената на сите производи за месец ноември 1969 година."

Член 25

Во членот 90 став 1 точка 2 зборовите: „наплатените договорни казни, пенали и затезни камати, по одбивање на платените договорни казни, пенали и затезни камати" се заменуваат со зборовите: „износот на наплатените договорни казни, пенали и затезни камати што ќе преостане по одбивање на платените договорни казни, пенали и затезни камати".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Во даночната основица според тар. број 17 од Тарифата на сојузниот данок на промет не влегуваат:

1) пресметаното односно платеното осигурување на стоките во транспорт;

2) каматата на кредитот и надоместоците за банкарски услуги и работи што за сметка на комитентот ќе ја плати комисионерот како увозник односно извозник на стоките."

Член 26

Во членот 92 став 3 последната реченица се менува и гласи:

„Даночната основица за работите од ставот 2 точка 6 на овој член ја сочинуваат само надоместоците и другите приходи остварени со тие работи, што се внесени во вкупниот приход односно во фондовите на работната организација. На оваа даночна основица се применува точката 2 на тар. број 17 од Тарифата, ако на тие надоместоци и други приходи не е платен данок во странство. Ако во странство на тие надместоци и други приходи е платен данок од иста или слична фирма, во Југославија не се плаќа данок на надоместоци за услуги. Како доказ дека во странство е платен данок служи извод од завршната сметка на странско претпријатие и решение за разрез на данок издадено од надлежниот странски орган."

Член 27

Во членот 95 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Не се сметаат како давање кредит во пари, во смисла на овој член, вложувањата што работните организации, освен банките, ги вршат во кредитниот фонд на банката. Не се сметаат како камата од кредити во пари, во смисла на овој член, ниту каматите што работните организации како уписници на заем ќе ги остварат по обврзниците на запишан заем."

Член 28

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4-15366/1
28 ноември 1969 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ——————
МЕСТО —————— ОПШТИНА ——————
ШИФРА НА ДЕЈНОСТА ——————
БРОЈ НА ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ——————

**Образец ДП**

## КОНЕЧНА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА —————— ГОДИНА

| Реден број | Тарифен број | Вид на производите (стоките) — услугите | Стопа на данокот на промет | Даночна основица: Количина | Даночна основица: Износ на продажната цена без данокот на промет | Износ на данокот на промет | Уплатено до ... | Разлика + | Разлика — |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 001 | | I СОЈУЗЕН ДАНОК НА ПРОМЕТ (104) | x | x | | | | | |
| 002 | | **А. Производи** (3+5+16+33+38+66+68++78+88) | x | x | | | | | |
| 003 | 8 | Уплатна сметка 840-21100 (4) | x | x | | | | | |
| 004 | 8 | Лекови | | x | | | x | x | x |
| 005 | 5 | Уплатна сметка 840-21101 (6 до 15) | x | x | | | | | |
| 006 | 5 | Сите видови цигари што не се произведени според југословенски стандард, односно што не спаѓаат во ниедна квалитетна група од точката 5 на овој тар. број, а чија производителска цена без данокот на промет односно набавна цена франко југословенската граница, заедно со царина и царинските давачки, изнесува над 0,70 динари за пакување од 20 парчиња, односно сразмерно со тоа за помало или поголемо пакување, како и за колекции цигари, екстра-цигари и режан тутун од сите квалитети, освен тутунот за луле | | x | | | x | x | x |
| 007 | 5 | Сите видови цигари што не се произведени според југословенски стандард, односно што не спаѓаат во ниедна квалитетна група од точката 5 на овој тар. број, а чија производителска цена односно набавна цена франко југословенската граница, заедно со царината и царинските давачки, изнесува до 0,70 динари за пакување од 20 парчиња, односно сразмерно со тоа за помало или поголемо пакување | | x | | | x | x | x |
| 008 | 5 | Тутун за луле | | x | | | x | x | x |
| 009 | 5 | Пури од сите видови, тутун за џвакање и бурмут | | x | | | x | x | x |
| 010 | 5 | Црни цигари | | x | | | x | x | x |
| 011 | 5 | Цигари I квалитетна група | | | | | x | x | x |
| 012 | 5 | Цигари I/II и II квалитетна група | | | | | x | x | x |
| 013 | 5 | Цигари IIIа квалитетна група | | | | | x | x | x |
| 014 | 5 | Цигари IIIб квалитетна група | | | | | x | x | x |
| 015 | 5 | Цигари IV квалитетна група | | | | | x | x | x |
| 016 | 10 | Уплатна сметка 840-21102 (17 до 32) | x | x | | | | | |
| 017 | 10 | Моторен бензин 76 октани | | | | | x | x | x |
| 018 | 10 | Моторен бензин 86 октани | | | | | x | x | x |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 019 | 10 | Моторен бензин 93 до 96 октани | | | | | x | x | x |
| 020 | 10 | Моторен бензин 98 октани | | | | | x | x | x |
| 021 | 10 | Петролеј за осветление и млазно гориво | | | | | x | x | x |
| 022 | 10 | Петролеј за мотори | | | | | x | x | x |
| 023 | 10 | Дизел гориво D-1 | | | | | x | x | x |
| 024 | 10 | Дизел гориво D-2 | | | | | x | x | x |
| 025 | 10 | Дизел гориво D-3 | | | | | x | x | x |
| 026 | 10 | Масло за горење: лесно (А), средно (В), тешко (С) и масло за горење специјално „марина" JUS B.H2.430 кое се користи: за погонски цели на поморското и речното бродарство | | x | | | x | x | x |
| 027 | 10 | Масло за горење во градски топлани и во топлани за греење блокови на станбени згради | | x | | | x | x | x |
| 028 | 10 | Масло за горење за енергетски и други цели на сите други корисници | | x | | | x | x | x |
| 029 | 10 | Масло за горење во домаќинство (екстра-лесно), ако се продава на граѓани за горење во печки во домаќинствата, како и ако се продава за горење во печки во училиштата, во домовите за учениците и студенти и во социјални, детски и здравствени установи | | x | | | x | x | x |
| 030 | 10 | Авионски и моторни масла | | | | | x | x | x |
| 031 | 10 | Минерални мазиви масти, хипоидни и регенерирани масла и сите други масла за подмачкување | | x | | | x | x | x |
| 032 | 10 | Природен гас, бутан гас и пропан гас, ако по пат на специјални уреди се користат за движење на моторни возила | x | | | | x | x | x |
| 033 | 6 | Уплатна сметка 840-21103 (34 до 37) | x | x | | | | | |
| 034 | 6 | Патнички автомобили до 30.000 динари | | x | | | x | x | x |
| 035 | 6 | Патнички автомобили над 30.000 до 50.000 динари | | x | | | x | x | x |
| 036 | 6 | Патнички автомобили над 50.000 динари | | x | | | x | x | x |
| 037 | 6 | Резервни делови | | x | | | x | x | x |
| 038 | 1, 2, 4, 7, 9, 11, 11а, 12, 13, 14, 15, 16, 16а, 16б, и 16в | Уплатна сметка 840-21104 (39 до 65) | x | x | | | | | |
| 039 | 1 | Сите производи што служат на крајната потрошувачка, освен оние за кои данокот се плаќа според посебен тарифен број или за кои е предвидено даночно ослободување | | x | | | x | x | x |
| 040 | 2 | Сурово кафе | x | | | | x | x | x |
| 041 | 2 | Пржено и мелено кафе | x | | | | x | x | x |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 042 | 2 | Екстракт од кафе | x | | | | x | x | x |
| 043 | 4 | Алкохол за широка потрошувачка, за производството на козметички препарати и за употреба и продажба во аптеки | x | | | | x | x | x |
| 044 | 4 | Алкохол за производство на алкохолни пијачки, за употреба во болници и други здравствени установи, во научни установи и лаборатории, за конзервирање препарати и за производство на есенции и ароми | x | | | | x | x | x |
| 045 | 4 | Денатуриран алкохол за гориво | x | | | | x | x | x |
| 046 | 7 | Производи од сите видови целосно или делумно изработени од благородни метали и од скапоцени камења | | x | | | x | x | x |
| 047 | 9 | Парфимериски и козметички препарати | | x | | | x | x | x |
| 048 | 11 | Кибрити од дрво, стандардно производство и пакување | x | | | | x | x | x |
| 049 | 11 | Други кибрити | | x | | | x | x | x |
| 050 | 11а | Запалки за цигари, чија малопродавна цена по парче изнесува до 10 динари | | x | | | x | x | x |
| 051 | 11а | Запалки за цигари, чија малопродавна цена по парче изнесува над 10 до 22 динари | | x | | | x | x | x |
| 052 | 11а | Запалки за цигари, чија малопродавна цена по парче изнесува над 22 динари | | x | | | x | x | x |
| 053 | 12 | Украсни стоки | | x | | | x | x | x |
| 054 | 12 | Производи од сребро изработени од филигран и од валано сребро со филигран | | x | | | x | x | x |
| 055 | 13 | Карти за играње | | x | | | x | x | x |
| 056 | 14 | Цигарска хартија во ливчиња | | x | | | x | x | x |
| 057 | 14 | Цигарска хартија несечена или сечена | | x | | | x | x | x |
| 058 | | | | | | | x | x | x |
| 059 | 15 | Бетонски челик и валани жици, цемент, режена и делкана граѓа и покривна лепенка | | x | | | x | x | x |
| 060 | 15 | Сите видови дрвни плочи (шпер-плочи, панел-плочи, лесонит-плочи, иверици и облагородени плочи), како и фурнир-плочи | | x | | | x | x | x |
| 061 | 15 | Друг градежен материјал | | x | | | x | x | x |
| 062 | 16 | Сол за јадење | x | | | | x | x | x |
| 063 | 16а | Ткаенини од влачено предиво со учество над 50% до 70% рунска или табачка волна над 30 микрони, како и ткаенини од вигоњ-предиво | | x | | | x | x | x |
| 064 | 16б | Чоколада, какао во прав и изработки од нив, како и производи од шеќер (бонбони, гума за џвакање и др.) | | x | | | x | x | x |
| 065 | 16в | Производи од кожа и крзно — облеки, обувки и други производи од кожа на рептилии (змии, гуштери, крокодили и сл.) и од благородни и фини крзна | | x | | | x | x | x |
| 066 | 3 | Уплатна сметка 840-21105 (67) | x | x | | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 067 | | Друг сојузен данок на промет на стоки на мало од граѓани кои не се занимаваат редовно со промет на стоки | x | x | | | | | |
| 068 | | Уплатни стоки 840-21106 (69 до 70) | x | x | | | | | |
| 069 | 3 | Пиво | x | | | | x | x | x |
| 070 | 3 | Вештачка ракија јачина до 25 vol.% алкохол | x | | | | x | x | x |
| 071 | 3 | Вештачка ракија јачина над 25 vol·% алкохол | x | | | | x | x | x |
| 072 | 3 | Специјални вина и десертни пијачки, чија набавна цена за 1 литар изнесува: — до 7 динари | x | | | | x | x | x |
| 073 | 3 | — над 7 до 10 динари | x | | | | x | x | x |
| 074 | 3 | — над 10 динари | x | | | | x | x | x |
| 075 | 3 | Ликери и жестоки алкохолни пијачки, чија набавна цена за 1 литар изнесува: — до 12 динари | x | | | | x | x | x |
| 076 | 3 | — над 12 до 17 динари | x | | | | x | x | x |
| 077 | 3 | — над 17 динари | x | | | | x | x | x |
| 078 | 3 | Уплатна сметка 840-21107 (79 до 87) | x | x | | | | | |
| 079 | 3 | Пиво | x | | | | x | x | x |
| 080 | 3 | Вештачка ракија јачина до 25 vol.% алкохол | x | | | | x | x | x |
| 081 | 3 | Вештачка ракија јачина над 25 vol% алкохол | x | | | | x | x | x |
| 082 | 3 | Специјални вина и десертни пијачки, чија набавна цена за 1 литар изнесува: — до 7 динари | x | | | | x | x | x |
| 083 | 3 | — над 7 до 10 динари | x | | | | x | x | x |
| 084 | 3 | — над 10 динари | x | | | | x | x | x |
| 085 | 3 | Ликери и жестоки алкохолни пијачки, чија набавна цена за 1 литар изнесува: — до 12 динари | x | | | | x | x | x |
| 068 | 3 | — над 12 до 17 динари | x | | | | x | x | x |
| 087 | 3 | — над 17 динари | x | | | | x | x | x |
| 088 | | Уплатна сметка 840-21110 (89 до 90) | x | x | | | | | |
| 089 | | Производи на кои данокот на промет се плаќа при увозот | | | | | | | |
| 090 | | Производи за потребите на ЈНА | | | | | | | |
| 091 | | **Б. Услуги (92+97+99+102)** | x | x | | | | | |
| 092 | 17 | Уплатна сметка 840-21200 (93 до 96) | x | x | | | | | |
| 093 | 17 | Надоместоци од работи на извоз на земјоделски и прехранбени производи и од работи на извоз на дрва и дрвни сортименти | | x | | | x | x | x |
| 094 | 17 | Надоместоци од другите работи на извоз, од работи на меѓународна шпедиција, од меѓународни агенциски работи и од услуги на договорна контрола на квалитетот и квантитетот на стоки | | x | | | x | x | x |
| 095 | 17 | Надоместоци од работи на увоз на стоки и од други надворешнотрговски услуги | | x | | | x | x | x |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 096 | 17 | Надоместоци од работи на застапништво | | x | | | x | x | x |
| 097 | 18 | Уплатна сметка 840-21201 (98) | | x | | | | | |
| 098 | 18 | Надоместоци од вршење промет на стоки на големо и на услуги во тој промет во Југославија | | x | | | x | x | x |
| 099 | 19 | Уплатна сметка 840-21202 (100 до 101) | x | x | | | | | |
| 100 | 19 | Надоместоци од вршење кредитни и други банкарски работи | | x | | | x | x | x |
| 101 | 19 | Надоместок кој како дел од приходот на банките ѝ припаѓа на работната заедница | | x | | | x | x | x |
| 102 | 20 | Уплатна сметка 840-21203 (103) | x | x | | | | | |
| 103 | 20 | На менични заеми | x | x | | | x | x | x |
| 104 | | **Вкупно А+Б (2+91)** | x | x | | | | | |
| 105 | | Во тоа: СР Босна и Херцеговина | x | x | | | | | |
| 106 | | СР Црна Гора | x | x | | | | | |
| 107 | | СР Хрватска | x | x | | | | | |
| 108 | | СР Македонија | x | x | | | | | |
| 109 | | СР Словенија | x | x | | | | | |
| 110 | | СР Србија — потесна Србија | x | x | | | | | |
| 111 | | САП Војводина | x | x | | | | | |
| 112 | | САП Косово | x | x | | | | | |
| 113 | | Производи и услуги на кои не се плаќа сојузен данок на промет | x | x | | x | x | x | x |
| 114 | | Вкупно (104+113) | x | x | | | | | |
| 115 | | II. РЕПУБЛИЧКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ (116+126) | x | x | | | | | |
| 116 | | А. **Производи (117+122)** | | x | | | | | |
| 117 | | Уплатна сметка 840-21115 (118 до 121) | x | x | | | | | |
| 118 | | Републички данок на промет на стоки на мало и републички данок на промет на алкохолни пијачки, освен републичкиот данок на промет на стоки на мало кој тримесечно го плаќаат граѓани и приватни правни лица кои се задолжуваат по распоред и освен данокот на промет на алкохолни пијачки испорачани на угостителски дуќани на самостојни угостители и на граѓани | | | | | x | x | x |
| 119 | | | | | | | x | x | x |
| 120 | | | | | | | x | x | x |
| 121 | | | | | | | x | x | x |
| 122 | | Уплатна сметка 840-21118 (123 до 125) | x | x | | | | | |
| 123 | | Републички данок на промет на алкохолни пијачки испорачани на угостителски дуќани на самостојни угостители и на граѓани | | | | | x | x | x |
| 124 | | | | | | | x | x | x |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 125 | | | | | | | x | x | x |
| 126 | | **Б. Услуги (127)** | x | x | | | | | |
| 127 | | Уплатна сметка 840-21210 (128 до 129) | x | x | | | | | |
| 128 | | Републички данок на надоместоци за вршење услуги, освен републичкиот данок на надоместоци за услуги кој тримесечно го плаќаат граѓани и приватни правни лица кои се задолжуваат по распоред | | | | | x | x | x |
| 129 | | | | x | | | x | x | x |
| 130 | | Стоки и услуги на кои не се плаќа републички данок на промет | x | x | | x | x | x | x |
| 131 | | **Вкупно (116+126+130)** | x | x | | | | | |
| 132 | | III. ОПШТИНСКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ (133+164) | x | x | | | | | |
| 133 | | **А. Производи (134+139+144+146+148+ +153+157+162)** | x | x | | | | | |
| 134 | | Уплатна сметка 840-21120 (135 до 138) | x | x | | | | | |
| 135 | | Општински данок на промет на стоки на мало во трговијата, освен општинскиот данок на промет на алкохолни пијачки | | | | | x | x | x |
| 136 | | | | | | | x | x | x |
| 137 | | | | | | | x | x | x |
| 138 | | | | | | | x | x | x |
| 139 | | Уплатна сметка 840-21121 (140 до 143) | x | x | | | | | |
| 140 | | Општински данок на промет на алкохолни пијачки во трговијата на мало, освен општинскиот данок на промет на природно вино | | | | | x | x | x |
| 141 | | | | | | | x | x | x |
| 142 | | | | | | | x | x | x |
| 143 | | | | | | | x | x | x |
| 144 | | Уплатна сметка 840-21122 (145) | x | x | | | | | |
| 145 | | Општински данок на промет на природно вино во трговијата на мало | | | | | x | x | x |
| 146 | | Уплатна сметка 840-21123 (147) | x | x | | | | | |
| 147 | | Општински данок на промет на пиво во трговијата на мало | | | | | x | x | x |
| 148 | | Уплатна сметка 840-21124 (149 до 152) | x | x | | | | | |
| 149 | | Општински данок на промет на алкохолни пијачки во угостителство, освен општинскиот данок на промет на природно вино | | | | | x | x | x |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 150 | | | | | | | x | x | x |
| 151 | | | | | | | x | x | x |
| 152 | | | | | | | x | x | x |
| 153 | | Уплатна сметка 840-21125 (154) | x | x | | | | | |
| 154 | | Општински данок на промет на природно вино во угостителство | | | | | x | x | x |
| 155 | | Уплатна сметка 840-21126 (156) | x | x | | | | | |
| 156 | | Општински данок на промет на пиво во угостителство | | | | | x | x | x |
| 157 | | Уплатна сметка 840-21127 (158 до 161) | x | x | | | | | |
| 158 | | Општински данок на промет на стоки на мало во стопанските и други работни организации, освен во трговијата и угостителството | | | | | x | x | x |
| 159 | | | | | | | x | x | x |
| 160 | | | | | | | x | x | x |
| 161 | | | | | | | x | x | x |
| 162 | | Уплатна сметка 840-21129 (163) | x | x | | | | | |
| 163 | | Друг општински данок на промет на стоки на мало, освен општинскиот данок на промет на стоки на мало кој тримесечно го плаќаат граѓани и приватни правни лица кои се задолжуваат по распоред | | | | | x | x | x |
| 164 | | **Б. Услуги (165)** | x | x | | | | | |
| 165 | | Уплатна сметка 840-21220 (166 до 168) | x | x | | | | | |
| 166 | | Општински данок на надоместоци за вршење услуги, освен општинскиот данок на надоместоци за услуги кој тримесечно го плаќаат граѓани и праватни правни лица кои се задолжуваат по распоред | | | | | x | x | x |
| 167 | | | | | | | x | x | x |
| 168 | | | | | | | x | x | x |
| 169 | | Стоки и услуги на кои не се плаќа општински данок на промет | x | x | | x | x | x | x |
| 170 | | **Вкупно (133+164+169)** | x | x | | | | | |
| 171 | | Данок на промет кој не влегува во вкупниот приход (172 до 174) | x | x | | | | | |
| 172 | | а) сојузен | x | x | | | | | |
| 173 | | б) републички | x | x | | | | | |
| 174 | | в) општински | x | x | | | | | |

На ———— 19—— година
Во ————————

Раководител на сметководството,
————————

Претседател на управниот одбор,
————————

Директор,
————————

630.

Врз основа на членот 35 став 3 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), по претходно прибавеното мислење од Сојузниот завод за здравствена заштита, Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИНДИКАЦИИТЕ, СТАНДАРДИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ЗА РОКОВИТЕ НА ТРАЕЊЕТО ЗА ОЧНИ И СЛУШНИ ПОМАГАЛА И ПОМАГАЛА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ГЛАСЕН ГОВОР

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определуваат индикациите, стандардите за материјали и роковите на траењето за очни помагала, слушни помагала и помагала за овозможување на гласен говор, кои им се обезбедуваат на осигурените лица врз товар на фондот на здравственото осигурување.

Член 2

На осигурените лица им се обезбедуваат следните видови помагала:

А. очни помагала:
1) очила:
— со стакла во диоптрии;
— со млечни стакла;
— со темни стакла во диоптрии;
— со темни стакла без диоптрии;
— со темни стакла од пластична маса;
— со бифокални стакла;
— со специјален систем на леќи (телескопски очила);
— со темни стакла без диоптрии, со стенопеичен отвор и со заштита од страна (Lock brile);
2) контактни стакла;
3) очни протези;
4) очни преврски;
5) метални таблички за пишување со Брајево писмо (Braille-ови таблички);
Б. слушни помагала:
— слушен апарат (амплификатор);
В. помагала за овозможување на гласен говор:
— апарат за овозможување на гласен говор (вештачки гркланврз основа на електричен вибратор — мегафон).

### II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**А. Очни помагала**

Член 3

Очила со стакла во диоптрии добива осигурено лице за корекција на остринатa на видот на далечина и близина во случај на аметропија или презбиопија.

Очила со млечни стакла добива осигурено лице кое има диплопија и монокуларна афакија, во случај на анизоконија.

Очила со темни стакла без диоптрии добива осигурено лице во случаите:

1) на нагрдување на надворешните делови на окото;

2) на хронични рецидивирачни кератоконјунктивити;

3) на заболување на предниот сегмент на окото поради склерит, кератит, ирит и иродоциклит;

4) на заболување на очното дно или на очниот нерв поради хориоидит, хориоретинит, ретинит, неврит, невроретинит, атрофија на очниот нерв и аблација на ретината;

5) по интраокуларни операции (катаракт, главком, вадење туѓо тело од окото и сл.), ако настанала компликација по операцијата — ирит, хеморагии (крвавења) во стаклестото тело на окото и сл.

Очила со темни стакла без диоптрии и со заштита од страна, со или без стенопеичен отвор, добива осигурено лице во случаите на:

1) аблација на ретината;

2) крвавење во стаклестиот дел на окото;

3) хроничен пролетен катар на очната врска (Conjunctivitis vernalis).

Член 4

Очила со темни стакла во диоптрии, покрај очилата од членот 3 став 1, добива осигурено лице кај кое, покрај заболувања од членот 3 став 1, постои истовремено и некое од заболувањета наведени во членот 3 ст. 3 и 4 на овој правилник.

Осигурено лице кое добива очила со темни стакла во диоптрии од ставот 1 на овој член, не добива очила со обични темни стакла.

Очила со темни стакла од пластична маса добива слепо осигурено лице.

Член 5

Очила со бифокални стакла добива осигуреник кај кого, поради занимањето и видот на работата што редовно ја врши, постои неопходна потреба од истовремена корекција на остринатa на видот на близина и на далечина.

Индикацијата за доделување бифокални стакла — очила на осигуреникот во смисла на ставот 1 од овој член ја поставува и определува лекар — специјалист за очни болести кој му ги пропишува очилата на осигуреникот, а постоењето на професионална индикација го цени лекарска комисија.

Член 6

Очила со специјален систем на леќи (телескопски очила) добива осигурено лице со висок степен на слабовидост, на кое остринатa односно јачината на видот на обете очи не може да му се подобри со обични стакла за корекција во смисла на чл. 3 и 4 од овој правилник и кај кое со носење вакви очила, по мислење на очната клиника или посебно образувана комисија од вештаци-лекари, се постига половина од нормалната острина на видот и се овозможува вршење работите на занимањето.

Член 7

Контактни стакла добива осигурено лице во случаите на:

1) кератоконус;

2) монокуларна (унилатерална) афакија (Aphakia unilateralis) кога на другото око леќата е провидна;

3) анисометропија поголема од 3 диоптрии и на потреба од стереоскопски вид во врска со занимањето;

4) аметропии поголеми од 5 диоптрии комбинирани со астигматизам поголем од 3 диоптрии кај кој со стакла во диоптрии не може да се постигне острина на видот поголема од 0,5 диоптрии;

5) обострани афакии.

Контактни стакла во случаите од ставот 1 на овој член добива осигурено лице ако очната клиника односно здравствена установа која се специјализирала за примена на контактни стакла утврди дека осигуреното лице го поднесува носењето на такви стакла, а лекарската комисија оцени дека употребата на такви стакла му е неопходна за вршење работите на неговото занимање односно дека во поголема мера му го олеснува вршењето на редовната работа.

Член 8

Очни протези добива осигурено лице, и тоа:

1) полна — во случај на анофталмус;

2) лушпеста — во случај на деломно отстранување или атрофија на очното јаболче;

3) орбитална — во случај кога поради недостаток на очното јаболче постои и нагрдување на надворешните делови на окото.

Очна преврска добива осигурено лице во случај на нагрдување на окото.

Метални таблички за пишување со Брајово писмо добива слепо осигурено лице.

Член 9

Рамките за очила што им се обезбедуваат на осигурени лица се изработуваат од пластична маса, со тоа што крилцата на рамките мораат да бидат подзасилени со арматура од метал.

Очните протези се изработуваат од пластична маса, стакло, порцелан или некоја друга материја погодна за овај вид помагала.

Ако стандардната форма и големина на очната протеза не одговара на формата и големината на конјунктивалната врекичка, се изработува очна протеза по мера.

Член 10

Роковите на траењето на очните помагала изнесуваат:

1) за рамки за очила:

— за осигурени лица-деца до наполнети 7 години живот — 12 месеци;

— за деца над 7 до наполнети 16 години живот и слепи лица — 18 месеци;

— за други осигурени лица — 30 месеци;

2) за стакла во диоприи:

— за осигурени лица-деца до наполнети 7 години живот — 12 месеци;

— за деца над наполнети 7 до наполнети 16 години живот — 18 месеци;

— за други осигурени лица — 30 месеци;

3) за млечни стакла — 30 месеци;

4) за темни стакла во диоптрии важат истите рокови како и за обичните стакла во диоптрии;

5) за темни стакла без диоптрии за осигурени лица-деца до наполнети 16 години живот — важат истите рокови на траење како и за стаклата во диоптрии, а за осигурени лица над 16 години живот — 36 месеци;

6) за темни стакла од пластична маса што се пропишуваат на слепи лица — 18 месеци;

7) за бифокални стакла — 36 месеци;

8) за очила со специјален систем на леќи (телескопски очила) — 48 месеци;

9) за контактни стакла — 30 месеци;

10) за очни протези:

— за деца до наполнети 7 години живот — според потребата;

— за деца над наполнети 7 до наполнети 16 години живот — 18 месеци;

— за осигурени лица од 17-та до 21-та година живот — 24 месеци;

— за други осигурени лица — 36 месеци;

11) за очни преврски — 6 месеци;

12) за метални таблички според Брај (Braille-ови таблички) — 3 години.

Осигурени лица кои според овој правилник имаат право на очна протеза, имаат право и на полирање на очната протеза еднаш годишно.

Член 11

Стакла во диоптрии од членот 10 на овој правилник му се доделуваат на осигурено лице и пред истекот на определениот рок на траење ако разликата во сферната корекција се измени за 0,50 или во цилиндричната корекција за 0,25 диоптрии.

Телескопски очила и контактни стакла можат да се доделат и пред истекот на определениот рок на траење во случај на потреба, што го утврдува очната клиника односно посебно формираната комисија на вештаци-лекари, на предлог од лекар специјалист за очни болести, која пропишува односно одобрува да се додели овој вид помагало.

Пред истекот на рокот на траењето од членот 10 на овој правилник ново очно помагало му се доделува на осигурено лице и во случај на неупотребливост на помагалото која настанала поради повреда при работата на осигуреното лице што носи помагало или поради други околности, кои ги утврдуваат органите од ставот 2 на овој член.

**Б. Слушни помагала**

Член 12

Слушен апарат (амплификатор) му се доделува на осигурено лице кај кое постои обострана загуба на слухот над 40 децибели, а на кое слухот со лекување не може да му се подобри под таа граница, ако со тонално и вокално аудиометриско испитување, како и со тестирање на карактеристиките на амплификаторот, се утврди дека може да се постигне задоволителен рехабилитационен ефект.

Слушен апарат им се доделува:

1) на деца од предучилишна возраст над 2 години живот ако, се оглед на менталната состојба и степенот на оштетувањето на слухот, може да се очекува развој на говорот при спроведување на стручна рехабилитациона постапка со слушен амплификатор;

2) на деца на школување, ако со доделувањето на слушниот апарат им се овозможува следење на наставата;

3) на глувонеми деца во случаите кога може да се олесни следењето на наставата во специјални одделенија за наглуви деца или во заводи — домови за такви деца;

4) на други осигурени лица кога употребата на слушниот апарат им овозможува поповолен рехабилитационен ефект или работен односно социјален контакт.

Член 13

Слушен апарат не се доделува на наполно глуви лица.

Член 14

Слушен апарат се доделува на осигурено лице врз основа на наод и мислење на аудиолошкиот центар или лекар специјалист за болести на увото, носот и грлото кој има можност со вокални и тонални аудиолошки испитувања, како и со стручно тестирање на карактеристиките на амплификаторот, да го определи рехабилитациониот ефект и да осигури рехабилитациона постапка, и врз основа на тоа да ја утврди потребата од доделување апарат од определени електроакустични карактеристики кој најдобро ќе одговара во дадениот случај на оштетување на слухот.

Член 15

Осигурено лице, под условите од членот 14 на овој правилник, има право на една од стандардните форми на слушен апарат (џебен апарат со гајтан), кој во смисла на членот 12 став 1 на овој правилник му одговара по своите електроакустични карактеристики.

Член 16

Комуналната заедница на социјалното осигурување им обезбедува на осигурените лица слушни апарати кај организацијата која, со оглед на ква-

литетот на изработката на апаратите, на можноста за вршење поправки и замени на делови апарати, како и на електроакустичните карактеристики и трајноста на материјалот од кој се изработени тие апарати, дава најдобра гаранција за нормална употреба на апаратите во траење од најмалку една година.

Гарантните рокови од ставот 1 на овој член, како и обврските на организацијата во случај на расипување и неупотребливост на апаратите пред истекот на гарантниот рок што ќе настанат без кривица на осигуреното лице, се утврдуваат со договор со организацијата која ги изработува односно набавува и испорачува слушните апарати.

Член 17

По истекот на гарантниот рок од членот 16 на овој правилник комуналната заедница на социјалното осигурување му обезбедува на осигуреното лице делови од слушен апарат кои поради употреба дотраеле односно поправки на апаратот во случај на расипување до кое е дојдено без кривица во ракување од страна на осигуреното лице.

Рокот на траењето на слушниот апарат изнесува за деца до наполнети 7 години живот — 24 месеци, за лица над 7 до наполнети 16 години живот — 36 месеци, а за другите осигурени лица — 48 месеци.

По истекот на предвидениот рок на траење осигуреното лице има право на нов слушен апарат, ако се утврди дека порано доделениот апарат станал неупотреблив и дека не може со поправки да се оспособи за употреба.

Пред истекот на рокот на траењето, на осигуреното лице му се доделува нов слушен апарат ако неупотребливоста на порано доделениот апарат настанала поради повреда при работата на осигуреникот, или ако е дојдено до промена на слухот во толкава мера што со доделениот апарат да не се постига задоволително подобрување на слухот.

Член 18

Кога осигуреното лице бара да му се додели слушен апарат од друга форма (вграден во очила, во шнола и слично), фондот на здравственото осигурување ги поднесува трошоците до височината на цената на стандарден слушен апарат во смисла на членот 17 од овој правилник.

На случаите од ставот 1 на овој член не се применуваат одредбите на чл. 16 и 17 од овој правилник.

**В. Помагала за овозможување на гласен говор**

Член 19

Апарат за овозможување на гласен говор (вештачки гркклан врз основа на електричен вибратор — мегафон) му се доделува на осигурено лице кое трајно ја загубило моќта за говор поради болест, повреда или оперативен зафат на гркланот, ако со тестирање се утврди дека со помош на таков апарат може да се постигне задоволителен рехабилитационен ефект, а учењето на езофагеален говор не дало задоволителен резултат.

Апаратот му се доделува на осигуреното лице врз основа на наод и мислење на клиниката за болести на увото, носот и грлото, која го пропишува овој вид помагало.

Член 20

Апарат за овозможување на гласен говор му се обезбедува на осигурено лице само еднаш.

Комуналната заедница на социјалното осигурување му обезбедува на осигуреното лице делови од апарат по истекот на гарантниот рок, како и потребни поправки на начинот предвиден за слушните помагала.

III. ДРУГИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Постапката за остварување на правото на помагалата наведени во овој правилник поблиску ја утврдува собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување во согласност со одредбите на овој правилник.

Собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување може со свој општ акт за спроведување на здравственото осигурување и за остварување на правата на здравствена заштита, а во согласност со интенциите на членот 101 став 1 од Основниот закон за здравственото осигурување, да им обезбеди на осигурените лица и помагала што не се изречно предвидени со одредбите на овој правилник.

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите од чл. 13 до 17 на Правилникот за индикациите, стандардите и најмалите срокови за траење на протезите, ортопедските и други помагала и санитарни направи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/55).

Член 23

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СК. бр. 24
7 ноември 1969 година
Белград

Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување

Претседател,
Игнац Нагоде, с. р.

631.

Врз основа на членот 35 став 3 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), по претходно прибавеното мислење од Сојузниот завод за здравствена заштита, Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ, СТАНДАРДИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ЗА РОКОВИТЕ ЗА ТРАЕЊЕ ЗА ПРОТЕТСКИТЕ И ОРТОТИЧКИТЕ СРЕДСТВА И САНИТАРНИ СПРАВИ

Член 1

Во Правилникот за индикациите, стандардите за материјали и за роковите за траење за протетските и ортотичките средства и санитарни справи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 23/66 и 11/67) во членот 2 став 1 по зборот: „специјалност" се додаваат зборовите: „— ортопед, хирург, гинеколог, неврохирург и лекар специјалист за физикална медицина и рехабилитација".

Член 2

Во членот 4 став 3 на крајот по зборовите: „обете раце" се додаваат зборовите: „или естетска наракваца за протеза".

Член 3

Во членот 6 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„(3) Рокот на траењето на естетската наракваца од членот 4 став 3 од овој правилник изнесува шест месеци."

Член 4

Во членот 7 зборот: „појаси", се брише.

Член 5

Во членот 10 на крајот на точката 13 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова точка 14, која гласи:

„14) има потешко деформирано стапало тип Plano-valgus-rigidus", поради што му е оневозможено да го вовртува и извртува стапалото.".

Член 6

Во членот 15 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Во случаите од ставот 1 на овој член осигуреното лице добива на употреба инвалидска количка од собен тип."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„(3) На осигуреникот кој е во работен однос или кој врши дејност врз основа на која е осигурен, на осигуреникот кој се наоѓа на професионална рехабилитација, како и на осигуреното лице што посетува настава, им се доделува на употреба, покрај инвалидската количка од собен тип, и теренска инвалидска количка што е технички опремена за движење на отворен простор."

Член 7

Во членот 22 точка 2 на крајот точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „како и во случај на заболување од Varicocellae,".

Во точката 3 на крајот точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „при состојба по поголеми оперативни зафати на трбувот кога постои изразита слабост на трбушниот ѕид, како и во случај на посилно изразен висечки трбув со трбушен ѕид:".

Точката 4 се брише.

Во досегашната точка 5, која станува точка 4, по зборот: „патерици" се става запирка и се додаваат зборовите: „односно стап за слепи лица".

Досегашните точ. 6 и 7 стануваат точ. 5 и 6.

Во досегашната точка 8, која станува точка 7, на крајот по зборовите: „на работа" се додаваат зборовите: „осигуреник-маж, односно поради повреда или болест на деца што се наоѓаат на редовно школување или осигуреник-жена".

По новата точка 7 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„8) вештачка дојка — во случај на ампутација на дојка на осигуреник-жена;

9) апарат за екстензија на употреба — при состојба по прелом на 'рбет со дислокација, кај компресивен синдром на 'рбетен мозок, ако таков апарат е неопходен заради медицинска рехабилитација.".

Член 8

Во членот 23 во точката 7 зборовите: „36 месеци" за I група се заменуваат со зборовите: „18 месеци", зборовите: „36 месеци" за II група се заменуваат со зборовите: „24 месеци" и зборовите: „36 месеци" за III и IV група се заменуваат со зборовите: „24 месеци".

Се додава нов став 2, кој гласи:

„Рокот на траењето за вештачката дојка од членот 22 на овој правилник изнесува 12 месеци."

Член 9

Во членот 24 точката 10 се менува и гласи:

„10) душек — гумен или од сунѓереста маса — лице кое е неподвижно поради повреда или заболување, ако постои опасност од нестанување на декубитус;".

Член 10

Во членот 25 точката 6 се менува и гласи:

„6) за ендотрахеална канила:

— метална 12 месеци

— гумена или од пластична маса 6 месеци".

Точката 11 се менува и гласи:

„11) за распрснувач и инхалатор 12 месеци".

Член 11

Членот 30 се менува и гласи:

„(1) Постапката за остварување на правото на помагала од овој правилник поблиску ја утврдува собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување во согласност со овој правилник.

(2) Собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување може со свој општ акт за спроведување на здравственото осигурување и за остварување на правото на здравствена заштита, во согласност со интенциите на членот 101 став 1 од Основниот закон за здравственото осигурување, да им обезбеди на осигурените лица и помагала што не се изречно предвидени со одредбите на овој правилник."

Член 12

Членот 31 се брише.

Член 13

Во членот 33 ставот 2 се брише.

Член 14

Се овластува Сојузниот завод за социјално осигурување да издаде пречистен текст на Правилникот за индикациите, стандардите за материјали и за роковите за траење за протетските и ортотичките средства и санитарните справи.

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СК бр. 25
7 ноември 1969 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Игнац Нагоде**, с. р.

**632.**

Врз основа на членот 35 став 2 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), во согласност со Сојузниот совет за здравство и социјална политика, Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРОПИШУВАЊЕ, ИЗДАВАЊЕ И НАПЛАТУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТЕ ШТО ИМ СЕ ПРОПИШУВААТ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пропишување, издавање и наплатување на лековите што им се пропишуваат на осигурените лица („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и 50/62) членот 6 се менува и гласи:

„Лекарот е должен секој пропишан лек да го заведе во здравствениот картон на осигуреното лице

односно во протоколот на болните, со назнака на скратениот назив, количината и јачината на лекот и со упатство дадено за употреба.".

Член 2

Во членот 7 точка 1 зборовите: „Уредбата за лековите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/53)" се заменуваат со зборовите: „Законот за прометот на лекови („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65)".

Точката 2 се менува и гласи:

„2) лекови за кои е дадено одобрение за пуштање во промет само за примена во здравствени установи;"

Во точката 6 по зборовите: „серуми" се бришат запирката и зборот: „инјекции".

Точката 8 се менува и гласи:

„8) лекови што не се наведени во Листата на готовите лекови што можат да се пропишуваат на товар на фондот на здравственото осигурување, што е составен дел на Одлуката за утврдување на Листата на лековите што можат да се пропишуваат на товар на фондот на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/67, 30/68 и 21/69), освен лековите што се пуштаат во промет во форма на инјекции."

Точката 9 се брише.

Член 3

Во членот 8 ст. 3 и 4 се бришат.

Досегашниот став 5 станува став 3.

Член 4

Се овластува Сојузниот завод за социјално осигурување да издаде пречистен текст на Правилникот за начинот за пропишување, издавање и наплатување на лековите што им се пропишуваат на осигурените лица.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СК бр. 26
7 ноември 1969 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Игнац Нагоде,** с. р.

---

**633.**

Врз основа на членот 35 став 3 од Основниот закони за здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/62 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), по претходно прибавеното мислење од Сојузниот завод за здравствена заштита, Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ЗАБНОПРОТЕТСКА ПОМОШ, СТАНДАРДИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛИ ОД КОИ СЕ ИЗРАБОТУВААТ ЗАБНОПРОТЕТСКИ СРЕДСТВА И РОКОВИТЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ТИЕ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за забнопротетска помош, стандардите за материјали од кои се изработуваат забнопротетски средства и роковите на траењето на тие средства („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/62) во членот 2 точка 1 зборот: „(инлај)" се заменува со зборовите: „(леана пломба)".

Член 2

Во членот 4, точка 1 фо зборот: „моларите" зборот: „и" се заменува со зборот: „или".

Член 3

Во членот 5 став 2 во првата реченица зборовите: „кога тоа го дозволуваат растојанието и виличниот лак" се заменуваат со зборовите: „кога тоа го дозволуваат растојанието помеѓу забот носачот, оклузијата и артикулацијата".

Член 4

Во членот 6 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кога недостигаат најмалку четири заба во долната или горната вилица еден до друг од кои најмалку два се предни заби.".

Се додава нов став 2, кој гласи:

„На осигурено лице не може да му се изработува привремена или имедијатна протеза, ако постојат услови и индикации за изработка на трајна протеза."

Член 5

Во членот 7 точка 3 зборовите: „каучукот и полублагородните легури" се заменуваат со зборовите: „каучукот, легурата хром-кобалт, молибденот и сл.".

Член 6

Во членот 8 став 1 во точката 7 зборовите: „една година" се заменуваат со зборовите: „шест месеци", а во точката 8 зборовите: „две години" — со зборовите: „една година".

Член 7

Членот 9 се менува и гласи:

„Ако здравствената установа изработи забнопротетски средства од благороден метал, а осигуреното лице ѝ ја надоместува на здравствената установа разликата помеѓу вредноста на стандардниот материјал обезбеден со овој правилник и благородниот метал, сметајќи до 1,80 грама паладор за еден заб односно круница."

Член 8

По членот 9 се додава нов член 9а, кој гласи:

„Постапката за остварување на правата во врска со укажувањето на забнопротетска помош и со изработката на забнопротетски средства на осигурени лица, поблиску ја утврдува собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување."

Член 9

Се овластува Сојузниот завод за социјално осигурување да издаде пречистен текст на Правилникот за индикациите за забнопротетска помош, стандардите за материјали од кои се изработуваат забнопротетски средства и роковите на траењето на тие средства.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СК бр. 27
7 ноември 1969 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Игнац Нагоде,** с. р.

**634.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Вештачки ѓубриња. Мешани ѓубриња, гранулирани — — — — JUS H.B4.035

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јули 1970 година.

Бр. 22-6723/1
20 ноември 1969 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ,** с. р.

**635.**

## ИЗВЕШТАЈ

### НА СОЈУЗНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТОТ НА ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ЗА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА 44 — ЗАДАР

ДО СОЈУЗНА СКУПШТИНА

— Социјално-здравствен собор —

Белград

Сојузната изборна комисија ги прими изборните акти што се однесуваат на повторниот избор на пратеник, одржан во Изборната единица 44 — Задар, та во смисла на членот 173 став 3, во врска со членот 188 од Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/69), поднесува

ИЗВЕШТАЈ

ЗА РЕЗУЛТАТОТ НА ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ЗА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА 44 — ЗАДАР

I. Со Одлуката на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина, бр. 07-1960/1 од 16 мај 1969 година, е поништен изборот на пратеник за тој собор во Изборната единица 44 — Задар.

Со Одлука на Сојузната изборна комисија, бр. 92 од 22 мај 1969 година, е распишан, врз основа на членот 182 став 3 од Законот за избор на сојузни пратеници, повторен избор на пратеник во оваа изборна единица, кој е одржан на 26 јуни 1969 година. Бидејќи кандидатот ниту на повторниот избор не доби потребно мнозинство гласови, целата изборна постапка мора да се повтори по втор пат.

Повторниот избор на пратеник за Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 44 — Задар, распишан врз основа на членот 182 став 1 од Законот за избор на сојузни пратеници од страна на надлежната општинска изборна комисија, е одржан на 26 ноември 1969 година.

II. Со спроведувањето на изборите, под надзор на Сојузната изборна комисија, раководеа: Републичката изборна комисија за избор на сојузни пратеници на СР Хрватска и Општинската изборна комисија за избор на сојузни пратеници за Изборната единица 44 — Задар.

III. Гласањето е вршено за кандидатите чии кандидатури се потврдени од надлежната општинска изборна комисија и, во смисла на членот 183 од Законот за избор на сојузни пратеници, благовремено објавени.

IV. Резултатот на повторниот избор го утврди Општинската изборна комисија за избор на сојузни пратеници за Изборната единица 44 — Задар на начинот пропишан во чл. 168, 169, 170 и 172 од Законот за избор на сојузни пратеници.

V. Сојузната изборна комисија ги прегледа изборните акти, што се однесуваат на повторниот избор на пратеник за Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 44 — Задар, и не најде неправилности што битно би влијаеле или можеле да влијаат врз резултатот на изборите.

VI. Општинската изборна комисија за избор на сојузни пратеници за Изборната единица 44 — Задар го утврди следниот резултат на повторниот избор, и тоа:

**Изборна единица 44 — Задар**

Во изборните тела во општините **Бенковац, Биоград, Обровац** и **Задар:**

| | |
|---|---|
| вкупен број на членовите на изборни тела | 529 |
| вкупно гласале — — — — — — — | 439 |
| гласале за кандидатите: | |
| 1) Роман Јелиќ — — — — — — — | 160 |
| 2) Фране Иванов — — — — — — — | 7 |
| 3) Иво Шокота — — — — — — — | 260 |

За пратеник е прогласен **Иво Шокота** од Задар, кој, помеѓу кандидатите за пратеник на овој собор, доби најголем број гласови на членовите на изборното тело од сите општини од подрачјето на изборната единица.

VIII. Во прилог на овој извештај се доставуваат изборните акти што се однесуваат на повторниот избор на пратеник на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 44 — Задар.

**Сојузна изборна комисија**

Бр. 124
2 декември 1969 година
Белград

Секретар,
**Бошко Кецман,** с. р.

Претседател,
**Тихомир Јаниќ,** с. р.

Членови:

**Борислав Личеноски,** с. р.
**Слобода Селиќ,** с. р.
д-р **Ана Јурин Жилиќ,** с. р.
**Михаило Лековиќ,** с. р.
**Душан Гламочак,** с. р.

# ПЛАН НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 1970 ГОДИНА

| Реден број | Назив на истражувањето | Содржина | Кој е должен да даде податоци | Обврски на статистичката служба: На сојузниот орган — организација | Обврски на статистичката служба: Во републиката | Со податоците ќе располага: општина*) | Со податоците ќе располага: република | Со податоците ќе располага: федерација | Први резултати од обработката**) | Трошоците во илј. дин, ги поднесува: сојузен орган | Трошоците во илј. дин, ги поднесува: република | Трошоците во илј. дин, ги поднесува: општина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | **СТАТИСТИКА НА ОПШТЕСТВЕНОТО УПРАВУВАЊЕ** | | | | | | | | | | |
| | **Истражувања од интерес за целата земја** | | | | | | | | | | | |
| 1 | Состав и некои видови активности на органите на управувањето во претпријатијата (ДУ-11 до 14) | Податоци за членовите на органите на управувањето (работнички совети, колегијални извршни органи и директори на претпријатија), како и некои видови активности на овие органи (седници и решавани прашања на седници, собири на работните луѓе, референдуми и др.). Права на одлучување на органите на управувањето во организациите на здружениот труд во состав на претпријатија. | Претпријатија | Изработка на сумари за СФРЈ | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | х | х | 15.09 | 144 | 331 | 214 |
| 2 | Состав и некои видови активности на органите на управувањето во земјоделските задруги (ДУ-18) | Податоци за членовите на органите на управувањето (работнички совети, колегијални извршни органи, директори и управници) на задруги и некои видови активности на овие органи (седници и решавани прашања на седници и собири, референдуми и др.). Права на одлучување на органите на самоуправувањето во организациите на здружениот труд во состав на задругите | Земјоделски задруги | Изработка на сумари за СФРЈ | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | х | х | 30.09 | 44 | 119 | 86 |
| 3 | Состав и некои видови активности на органите на управувањето во училиштата од I и II степен и во високите и вишите школи (ДУ-51 и 52) | Податоци за членовите на органите на управувањето и некои видови активности на овие органи (седници и решавани прашања на седници, собири, референдуми и др.). Права на одлучување на органите на управувањето во подрачните училишта, факултети и др. | Училишта од I и II степен, виши и високи школи | Изработка на сумари за СФРЈ | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | х | х | 31.12 | 78 | 177 | 136 |

*) — О (образец)
— Р (резултати од обработката)
— х (податоци)
**) — Рокови за СФРЈ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Состав на органите на управувањето во научните установи (ДУ-61) | Податоци за членовите на органите на управувањето на овие установи како и за органите на управувањето во организациите на здружениот труд во нивниот состав | Научни установи | Изработка на сумари за СФРЈ | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | x | x | 30.07 | 27 | 30 | 15 |
| 5 | Состав на органите на управувањето во културно - просветните и уметничко-забавните установи (ДУ-62) | Податоци за членовите на органите на управувањето на овие установи како и за органите на управувањето во организациите на здружениот труд во нивниот состав | Културно-просветни и уметничко-забавни установи | Изработка на сумари за СФРЈ | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | x | x | 30.07 | 27 | 52 | 25 |
| 6 | Состав на органите на управувањето во здравствените и социјалните установи и во социјалното осигурување (ДУ-71 и 81 и СО-1) | Податоци за членовите на органите на управувањето на овие установи како и за органите на самоуправувањето во организациите на здружениот труд во нивниот состав | Здравствени и социјални установи и заводи за социјално осигурување | Изработка на сумари за СФРЈ | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | x | x | 30.07 | 10 | 87 | 48 |
| 7 | Состав на органите на управувањето во банките, во Службата на општественото книговодство и во осигурителните организации (ДУ-41, 42 и 43 и ОЗ-1) | Податоци за членовите на органите на управувањето на овие установи како и за органите на самоуправувањето во организациите на здружениот труд во нивниот состав | Југословенската народна банка и нејзините филијали, други банки, СОК, осигурителните заводи | Печатење обрасци и изработка на сумари за СФРЈ | Собирање и обработка на податоците | - | x | x | 30.06 | 12 | 43 | 16 |
| 8 | Состав на органите на управувањето во стопанските комори, деловните здруженија и заедниците, како во стопанството така и надвор од стопанството | Податоци за членовите на органите на управувањето во овие здруженија | Комори, деловни здруженија, заедници во стопанството и надвор од стопанството | Печатење обрасци и изработка на сумари за СФРЈ | Собирање и обработка на податоците | - | x | x | 15.12 | 20 | 50 | 36 |

## ДЕМОГРАФСКА СТАТИСТИКА

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Истражувања од интерес за целата земја** | | | | | | | | | | | |
| 1 | Статистика на родените (Дем-1) — собирање месечно, обработка годишна | Виталитет на детето (живородено или мртвородено), пол, место на раѓањето, возраст на мајката и таткото, ред на раѓањето на детето, број на сега живите деца, брачност, траење на бракот, школска подготовка, занимање и др. | Матичари | Обработка на податоците | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | Р | x | x | 31.08 | 522 | 869 | 555 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Статистика на умрените (Дем-2 и „Потврда за смртта") — собирање месечно, обработка годишна | Пол, возраст на умрениот, место на раѓањето и место на смртта, брачна состојба, школска подготовка, занимање, лекување, причина на смртта (дијагноза), вид на насилната смрт, место на несреќата, надворешна причина на смртта, причина поради која дошло до самоубиство и др. | Матичари, здравствени установи, лекари, други лица овластени за утврдување на смрт и лица што вршеле увид | Обработка на податоците | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | Р | х | х | 31.08 | 814 | 493 | 323 |
| 3 | Статистика на склучените бракови (Дем-3) — собирање месечно, обработка годишна | За младоженецот и невестата: возраст, живеалиште, поранешна брачна состојба и брак по ред, школска подготовка, занимање и др. | Матичари | Обработка на податоците | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | Р | х | х | 30.06 | 364 | 347 | 238 |
| 4 | Статистика на разведените бракови (РВ-1) — собирање месечно, обработка годишна | За мажот и жената: возраст, живеалиште, број на издржуваните деца, на кого му се доделени децата од бракот кој се разведува, траење на бракот, школска подготовка, занимање и др. | Окружни судови | Обработка на податоците | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | Р | х | х | 30.09 | 347 | 70 | 28 |
| 5 | Месечен преглед на уписите во матичните книги (Дем-4) | Број на уписите во матичната книга (на родените, на признавањата на татковство и позаконувањата, на умрените, на склучените бракови) | Матичари | Изработка на сумари за СФРЈ | Изработка на прегледи и изработка на сумари | Р | х | х | 02. МЕС. | 26 | 249 | 188 |
| 6 | Статистика на надворешната миграција: уселувања (СМ-1) и иселувања (СМ-2) — собирање месечно, обработка годишна[1]) | Пол, возраст, занимање, школска подготовка, од која земја доаѓа или во која земја оди, народност, државјанство | Органите на внатрешните работи на општините и пограничните премини | Печатење обрасци, собирање на СМ-2, подготовка на обработката и обработка на податоците | Собирање на СМ-1 изработка на сумари | Р | х | х | 25.12 | 283 | 23 | 12 |
| 7 | Подготвителни работи за пописот на населението и становите во 1971 година | Утврдување на дефинитивната содржина на пописните обрасци, на методологијата и организацијата на пописот. Подготвување на закон за пописот на населението и на становите | — | Изработка на документи | Соработка со СЗС | - | х | х | — | 642 | 131 | — |

[1]) СР Словенија обезбедува податоци од регистарот на населението.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **СТАТИСТИКА НА ТРУДОТ** | | | | | | | | | | | |
| | **Истражувања од интерес за целата земја** | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 1 | Месечен извештај за личните доходи и запослениот персонал во општествениот сектор (Рад-1) | Вкупен фонд на нето личните доходи и исплати по периодичната пресметка и завршната сметка; број на запослените на кои се однесува вкупниот фонд на нето личните доходи; број на запослените на крајот на претходниот и извештајниот месец; број на дојдените и отидените работници во текот на извештајниот месец; број на примените приправници според школската подготовка во текот на извештајниот месец; број на жените и работниците на определено време на крајот на извештајниот месец; прогноза на запослени работници за наредните два месеца; пробно собирање податоци за прогнозите на нето лични доходи за наредниот месец | Сите работни и други организации и државни органи избрани за мо[illegible] | Обработка на републичките таблограми | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | О | х | х | 12. МЕС. | 619 | 2056 | 1357 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 2 | **Полугодишен извештај за личните доходи и за запослениот персонал во општествениот сектор, март и септември 1970 година (Рад-1)** | Покрај податоците од месечниот извештај Рад-1, овој извештај содржи и податоци за бројот на запослените според височината на нето личните доходи; за минималниот и максималниот личен доход во работната организација; број на работниците со минимален личен доход, кумулативни податоци за бројот на приправниците и за нето личните доходи за периодот јануари — март и јануари — септември 1970 година | Сите работни и други организации и државни органи | Обработка на републичките таблограми | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | ОР²) | х | х | 23.06 за март и 23.12 за септ. | 120 | 437 | 228 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 3 | **Полугодишен извештај за запослениот персонал кај приватните работодавци, март и септември 1970 година (Рад-15)** | Број на запослените работници и ученици во стопанството според полот и видовите на дејностите | Комунални заводи за социјално осигурување | Обработка на републичките таблограми | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | ОР | х | х | 29.05 за март и 15.12 за септ. | 12 | 87 | 80 |

²) Резултати од обработката и за поважните градови, за септември 1970 година.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Статистички органи** | | | | | | | | |
| 4 | **Годишен извештај** на работните организации за вработениот персонал во општествениот сектор (Рад-10) | Работници според полот, квалификациите, видот на работниот однос, полното и неполното работно време, еднократното и двократното заземање работно место, неделното траење на работното време, распоредот на часовите во 42-часовната работна недела и според смените; флуктуација на приправниците според школската подготовка; година на преминување на работната организација на 42-часовна скратена работна недела; тип на скратената работна недела; структура на фондот на работното време на запослените за 1969 година; број на запослените на кои се однесува фондот на работното време; стипендијанти и оспособување на запослените во работните организации во 1969 година според чл. 36-39 од Правилникот за водење евиденции од областа на трудот; нето лични примања за декември 1969 година според квалификациите | Сите работни и други организации и државни органи | Печатење обрасци: обработка на републичките таблограми | Собирање и обработка на податоците | OP | x | x | 30.06 | 101 | 796 | 410 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 5 | **Анкета** за личните **доходи** според квалификациите во општествениот сектор на мострата на работните организации и запослените работници (Рад-ЛД) | Пол, возраст, работен стаж, школска подготова, стручно образование, занимање, стручна подготовка за работното место, тип на работното место, вкупен нето личен доход за 1969 година. просечен месечен нето личен доход | За избраните лица избрани работни и други организации и државни органи | Печатење обрасци, шифрирање и обработка на праќалниците | Избор на лица за анкетирање, собирање, обработка на претходните резултати, сметковна и логичка контрола на материјалите | - | x | x | 30.07 претходни резултати 30.09 конечни резултати | 614 | 454 | 150 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 6 | **Регистрација** на учениците во стопанството, март 1970 година (Рад-31) | Пол, возраст, траење на учењето, број на месеците поминати на учење, школска подготовка на учениците во стопанството, занимање за кое ученикот се подготвува | Општински органи на управата надлежни за работите на трудот; работни и други организации; државни органи, училишта | Печатење обрасци, обработка на републичките таблограми | Собирање и обработка на податоците | P | x | x | 20.11 | 27 | 316 | 58 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 7 | Извештај за лицата што со степенот на стручното образование се здобиле со полагање испити за ВК односно КВ работник (Рад-32) | Пол, возраст, школска подготовка, стручно образование пред полагање на испитот, стручно образование по полагање на испитот, занимање | Општински органи на управата надлежни за работите на трудот; училишта за ВК и КВ работници, испитни комисии | Обработка на републичките табло-грами | Печатење обрасци, собирање и обработка на податоците | Р | х | х | 20.07 | 26 | 107 | 29 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 8 | Просечни нето лични примања според занимањата за 1969 година | Фонд на нето личните примања и број на запослените за определен број знимања (до сто занимања) за 1969 година. За секое занимање ќе се бара само еден модалитет на степен на стручно образование и определен број години работен стаж | Сите работни и други организации и државни органи | Печатење обрасци; обработка на републичките табло-грами | Собирање и обработка на податоците | О | х | х | 30 10 | 60 | 220 | 120 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 9 | Месечен извештај за слободните работни места (потреби од работна сила) | Број на слободните работни односно ученички места во работните организации според степенот на стручното образование на работниците и дејностите на работните организации | Сите работни организации државни органи и приватни работодавци | Обработка на републичките табло-грами | Печатење обрасци, обработка на прашалниците, обработка на општинските сумари | - | х | х | 20 МЕС. | 11 | 26 | 185 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 10 | Месечен извештај за пополнетите работни места (нови и упразнети) | Број на слободните работни односно ученички места во работните организации според степенот на стручното образование на работниците и според дејностите на работните организации | Сите работни и ганизации државни органи и приватни работодавци | Обработка на републичките табло-грами | Печатење обрасци; обработка на прашалниците, обработка на општинските сумари | - | х | х | 20 МЕС. | 11 | 26 | 185 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 11 | Месечен извештај за престанување на работата (откази на работниците) | Број на престаноците на работата на работниците по основите на престанокот, полот и степенот на стручното образование на работниците и дејностите на работните организации | Сите работни организации, државни органи и приватни работодавци | Обработка на републичките табло-грами | Печатење обрасци; обработка на прашалници; обработка на општинските сумари | - | х | х | 20 МЕС. | 11 | 26 | 185 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 12 | Месечен извештај за лицата што бараат запослување (незапослени лица) | Број на лицата што бараат првпат запослување, што биле запослени и запослени со посредство на заводите, сè според полот и степенот на стручното образование; број на корисниците на паричен надоместок од здравственото осигурување, детскиот додаток и превозот | Општински заводи за запослување | Обработка на републичките таблограми | Печатење обрасци; обработка на општинските сумари | - | x | x | 20 МЕС. | 27 | 64 | 456 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 13 | Полугодишен извештај за лицата што бараат запослување | Број на лицата што бараат запослување според степенот на стручното образование, некои занимања, полот, возраста, должината на чекање на запослување, работниот стаж; број на корисниците на паричен надоместок и здравствено осигурувања според траењето на користењето; број на инвалидните лица што бараат запослување; број на стручно оспособените и преквалификуваните преку заводите за запослување | Општински заводи за запослување | Обработка на републичките сумари | Печатење обрасци, обработка на општинските сумари | - | x | x | 30.07 31.01 | 7 | 16 | 126 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 14 | Месечен извештај за лицата привремено запослени во странство | Број на барања и потврди за привремено запослување во странство според степенот на стручното образование на работниците; број на понуди и број на работници барани од страна на странски работодавци; број на запослени во странство по државите | Општински заводи за запослување | Обработка на републичките сумари | Печатење обрасци; обработка на општинските сумари | - | x | x | 20 МЕС. | 11 | 26 | 185 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 15 | Полугодишен извештај за лицата привремено запослени во странство | Број на запослените во странство преку заводите за запослување по државите, занимањата и дејностите | Општински заводи за запослување | Обработка на републичките сумари | Печатење обрасци, обработка на општинските сумари | - | x | x | 30 07 31.01 | 2 | 5 | 39 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 16 | Полугодишен извештај за странските државјани запослени во Југославија | Број на запослените според степенот на стручното образование, дејностите и државјанството | Сите работни организации, државни органи и приватни работодавци | Обработка на републичките сумари | Печатење обрасци, обработка на општинските сумари | - | x | x | 30.07 | 1 | 3 | 27 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 17 | Ревизија и стандардизација на мултифакторска батерија на тестови за општи способности | Прелиминарна примена на 12 тестови врз помала мостра на работна популација. Примена на дефинитивна форма на 12 тестови врз поголема мостра на истата популација | Работници запослени во одделни работни организации што ќе влезат во мострата (емпириско истражување) | Организација и водење на истражувањето. Анализа на емпириски добиените податоци | Теренски испитувања, средување и следење на материјалите | - | x | x | VI/70 | 10 | 24 | 172 |
| | | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 18 | Годишен извештај за капацитете на училиштата од II и III степен | Можност за запишување на младината во училиштата од II и III степен. Назив и адреса на училиштето — факултетот, број на учениците-студентите што ќе бидат примени во првите класови — години, според одсеци и сл., рок за поднесување пријави за упис и услови за прием на кандидати | Училишта од II и III степен | Обработка на републичките прегледи | Печатење обрасци; обработка на општинските сумари | - | x | x | до крајот на февруари | 2 | 4 | 35 |
| | **Истражувања од интерес за федерацијата** | | | Служба за запослување | | | | | | | | |
| 19 | Пробно истражување на трошоците на работната сила за 1969 година | Елементи на трошоците на работната сила: нето личен доход за редовната работа, премии и други форми на стимулација, примања за прекувремена работа, за ноќна работа и за работа во празнични денови; надоместоци на нето лични доходи за годишен одмор, платено отсуство, за државни празници, отпремнини; примања врз основа на периодична и годишна пресметка, награди; додатоци за годишен одмор; примања во натура пресметани во паричен износ; трошоци за становите на запослениот персонал а што ги поднесува работната организација; придонеси за социјално осигурување; трошоци за стручно оспособување на работната сила; издатоци за мензи и друго прехранбено снабдување на работниците; трошоци за културен живот и разонода на работниците; субвенции на касите за заемна помош; придонеси за незапосленост; други трошоци на работната сила. Просечен број на запослените според полот и квалификациите; вкупен фонд на ефективни часови на работа | Избрани работни организации | Печатење обрасци и обработка на податоците, трошоци на истражувањата | Собирање, шифрирање, логичка и сметковна контрола на податоците | - | - | - | кон крајот на 1970 година | 324 | 260 | 23 |

## СТАТИСТИКА НА СТОПАНСКИТЕ БИЛАНСИ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10. | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Истражувања од интерес за целата земја** | | | | | | | | | | | |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 1 | Комплексен годишен извештај на стопанските организации (КГИ-01) | Вредност на основните средства и на инвестициите во тек (инвестиции во изградба), вредност на производството, материјални трошоци, амортизација, лични доходи, акумулација и фондови (принцип на чисти дејности и по територија) | Стопански организации | Печатење обрасци и упатства, целокупна обработка | Ажурирање на адресите за собирање, контрола и шифрирање на статистичката граѓа | Р[3]) | x | x | 20.06 | 834 | 488 | 729 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
| 2 | Годишна пресметка на доходот од приватниот сектор на стопанството:<br>— земјоделството<br>— градежништвото<br>— сообраќајот<br>— трговијата и угостителството<br>— занаетчиството | Вредност на производството, материјални трошоци во натура и во пари, амортизација, народен доход, разрез на придонесите и даноците, наплатени придонеси и даноци, акумулација на индивидуалните производители | Процени на општинските комисии што се формираат за таа цел | Печатење обрасци и упатства, обработка на републичките сумари | Собирање, и обработка на ниво на републиката и општините | ОР | x | x | 20.06 | 66 | 385 | 423 |
| | | | | Статистички органи | | | | | | | | |
